Врз основа на член 28 став (10) од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.19/23), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА АНГАЖИРАЊЕ НА ОБУЧУВАЧИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИТЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ФИНАНСИСКИ ИНСПЕКТОР

## Општи одредби

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на ангажирање на обучувачите за спроведување на обуките за стекнување лиценца за финансиски инспектор, кои се организираат и се спроведуваат од страна на Министерството за финансии преку секторот надлежен за обезбедување континуирана едукација на јавната администрација од областа на управувањето со јавните финансии, врз основа на програма за теоретска обука и практична работа за стекнување лиценца за финансиски инспектор во делот за теоретската обука.

## Обуки за стекнување лиценца за финансиски инспектор

### Член 2

Обуката за стекнување лиценца за финансиски инспектор се спроведува врз основа на програма за теоретска обука и практична работа, која се состои од два дела, во вкупно времетраење од 12 месеци и тоа:

1) три месеци теоретска обука и

2) девет месеци практична работа на работното место, под надзор на ментор определен од главниот инспектор.

## Начин на организирање

### Член 3

Министерството за финансии ги организира теоретските обуки самостојно или во соработка со домашни и странски соработници.

## Учесници

### Член 4

Кандидатот за финансиски инспектор избран преку постапка на вработување и кандидатот за финансиски инспектор вработен преку постапка за преземање на административен службеник, посетува теоретска обука за стекнување лиценца за финансиски инспектор од член 2 став (1) точка 1) од овој правилник.

## Обучувачи

## Член 5

(1) Обучувач во смисла на одредбите на овој правилник е странско лице или домашно лице со најмалку три години искуство од областа на финансиите или правото и доказ за завршена обука за обучувачи, кои ги назначува министерот за финансии.

(2) Министерството за финансии може да ангажира и експерти, административни службеници, универзитетски професори и слично.

## Ангажирање на обучувачи

## Член 6

(1) Министерството за финансии ангажира обучувачи за спроведување на теоретската обука за стекнување лиценца за финансиски инспектор, со склучување договор со експерти од областа на финансиите или правото или со јавен повик, кој се објавува на веб страната на Министерството за финансии во времетраење од 5 работни дена од денот на објавувањето.

(2) Заинтересираните кандидати треба да достават кратка биографија, доказ за најмалку три години искуство од областа на финансиите или правото издаден од релевантен надлежен орган и доказ за завршена обука за обучувачи, во хартиена форма преку архивата на Министерството за финансии или електронски на електронската адреса наведена во јавниот повик.

(3) Селекцијата на обучувачи ја врши Комисија за спроведување постапка на селекција од пријавените кандидати според исполнетите законски услови и според професионалното и претходното искуство на кандидатот како обучувач. Комисијата по спроведената постапка за селекција составува записник и го доставува до министерот за финансии, за да изврши избор на обучувач.

(4) Комисијата од ставот (3) на овој член ја формира министерот за финансии и е составена од шест члена, од кои еден е претседател, еден заменик-претседател, двајца се членови и двајца заменици-членови, избрани од редот на раководните службеници вработени во Министерството за финансии. За член и заменик член на комисијата задолжително се избира по еден раководен службеник од секторот надлежен за вршење финансиска инспекција во јавниот сектор и од секторот надлежен за обезбедување континуирана едукација на јавната администрација од областа на управувањето со јавните финансии.

(5) Од страна на Министерството за финансии со избраниот кандидат се склучува договор.

(6) Во договорот од ставот (5) на овој член ќе бидат наведени правата и обврските на Министерството за финансии и обучувачот, времетраењето на договорот и начинот на неговото раскинување.

(7) Од пријавените кандидати, кои ги исполнуваат законските услови за обучувачи и ангажираните обучувачи од ставот (1) на овој член, ќе се изготви листа на обучувачи и во зависност од темите, истите ќе можат да бидат ангажирани.
(8) Утврдената листа на обучувачи може да се дополнува по потреба.

**Начин на спроведување на теоретската обука**

**Член 7**

(1) Процесот на теоретската обука ќе се спроведува преку модули, согласно програма за теоретска обука и практична работа за стекнување лиценца за финансиски инспектор.
(2) Во Табелата во Прилог на овој правилник се прикажани обуките по модулите на теоретската обука и нивното времетраење, изразено во број на денови и часови.

**Финансирање на теоретските обуки**

**Член 8**

Планираниот процес на спроведување на теоретските обуки ќе се реализира во рамки на одобрените средства во финансискиот план на Министерството за финансии.

**Завршна одредба**

**Член 9**

Овој правилник ќе започне да се применува од денот на неговото донесување.

28-03-2024

Бр. 25-2465/1.
Скопје

Министер за финансии,
**dr. Fatmir Besimi, с.р.**

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e Financave - Shkup
IV

Прилог

| Р.бр. | Обука | Број на денови | Број на часови |
|---|---|---|---|
| 1. | Модул 1 - Општи закони согласно коишто работи финансиската инспекција | 5 | 16 |
| 2. | Модул 2 - Посебни закони и подзаконски акти согласно коишто финансиската инспекција има директни или индиректни надлежности за вршење инспекциски надзор на усогласеноста на работењето на субјектите на финансиската инспекција со одредбите од споменатите законски и подзаконски акти | 35 | 105 |
| 3. | Модул 3 - Финансиска инспекција и вештини и техники на финансиските инспектори | 15 | 45 |
| 4. | Модул 4 - Примена на финансиска инспекција во јавниот сектор со студии на случај според подзаконски и интерни акти | 5 | 8 |